**20141955984**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“, бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 163/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.12.2014 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ КОЈ ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ГО СТЕКНАЛ ПО ОСНОВ НА СКЛУЧЕН ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНО ИЗДРЖУВАЊЕ СО КОРИСНИЦИ НА ПОСТОЈАНА ПАРИЧНА ПОМОШ

I. Појдовна основа

Со оваа програма се утврдуваат мерките за располагање со имотот, кој центарот за социјална работа го стекнал по основ на склучен договор за доживотно издржување, а со цел да биде даден на користење, односно на плодоуживање на граѓаните, кои се наоѓаат во положба од социјална потреба поради изложеност на најтежок облик на социјален ризик, како и корисниците на овие мерки.

II. Корисници

Корисници на оваа програма се:

1. бездомни лица,
2. семејства со лица со инвалидност,
3. лица - корисници на социјална парична помош,
4. членови на семејства на лица- корисници на постојана парична помош,
5. полнолетни лица, кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа,
6. жртви на семејно насилство и
7. семејство или лице погодено од елементарна непогода, а кое нема услови да се згрижи кај блиски сродници или други лица.

Корисникот може да го остварува користењето на недвижен имот кој центарот за социјална работа го стекнал по основ на склучен договор за доживотно издржување, ако е:

- полнолетно лице,
- државјанин на Република Македонија и има постојано живеалиште во Република Македонија и
- не поседува имот на лично име или имот на име на член на семејството, односно лицето со кое живее во заедничко домаќинство.

Корисникот го известува месно надлежниот центар за социјални работи за секоја промена на неговата семејна или материјална состојба, во рок од 15 дена од настанувањето на промената.

III. Мерки

Имотот, кој центарот за социјална работа го стекнал по основ на склучен договор за доживотно издржување, може да биде даден на користење, односно на плодоуживање на корисниците на оваа програма.

Врз основа на склучен договор меѓу Министерството за труд и социјална политика и ЈП Македонски Шуми ќе се врши отстапување на огревно дрво на центрите за социјална работа, за примателите на социјална парична помош и постојана парична помош, од шумите стекнати по основ на договори за доживотна издршка од страна на центрите за социјална работа.

IV. Носители

Оваа програма ќе ја спроведува Министерството за труд и социјална и центрите за социјална работа во Република Македонија.

Барањето за користење на имотот кој центарот за социјална работа го стекнал по основ на склучен договор за доживотно издржување се поднесува до надлежниот центар за социјална работа, според местото на живеење на корисникот, врз основа на претходно објавен оглас од страна на Министерството за труд и социјална политика за давање на користење на недвижниот имот, во кој се наведени условите и рокот за поднесување на барањето.

Центарот за социјална работа врши комплетирање на барањата со потребната документација и заедно со потврдата, дека лицето односно семејството е изложено на одделен вид социјален ризик, истите ги доставува до Министерството за труд и социјална политика.

Потребна документација при поднесување на барања за располагање со имотот кој центарот за социјална работа го стекнал по основ на склучен договор за доживотно издржување е:

1. важечка лична карта за државјани на Република Македонија, лична карта за постојан престој на странец, лична карта за признат бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита, се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството;
2. извод од матичната книга на родените;
3. извод од матичната книга на венчаните;
4. извод од матичната книга на умрените;
5. пресуда за развод на брак;
6. уверение за остварени годишни приходи;
7. имотен лист;
8. потврда за остварени приходи од плата во Република Македонија или странство;
9. потврда за корисник на пензија остварена во Република Македонија или странство;
10. за невработено лице кое не е во евиденција во Агенцијата за вработување на Република Македонија потребно е листа на регистрирани податоци за остварен стаж;
11. пресуда за определена законска издршка;
12. потврда за редовен студент и
13. потврда од надлежен орган за претрпена елементарна непогода.

Потврда дека лицето односно семејството е изложено на одделен вид социјален ризик се издава:

- за бездомно лице или семејство – компонибилен лист за евиденција како бездомно лице или семејство;
- за лице со инвалидност – решение за видот и степенот на попреченост/инвалидност;
- за корисници на социјална парична помош – потврда дека лицето односно семејството е корисник на социјална парична помош;
- за корисници на постојана парична помош – потврда дека лицето односно семејството е корисник на постојана парична помош;

- за лицата кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа – потврда дека лицето до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа;

- за лицата- жртви на семејно насилство - компонибилен лист за евиденција на лицето односно семејството како жртва на семејно насилство и

- за семејство или лице погодено од елементарна непогода, кое нема услови да се згрижи кај блиски сродници или други лица – записник за констатирана состојба при непосредно извршен увид.

Врз основа на добиените барања за користење на имотот кој центарот за социјална работа го стекнал по основ на склучен договор за доживотно издржување се изготвува листа по претходно извршено бодирање, и тоа:

- број на членови на домаќинство:
- до 2 члена – 15 бода
- до 3 члена – 25 бода
- до 4 члена – 30 бода
- над 4 члена – 35 бода

Вкупните бодови за според број на членови на домаќинство може да изнесуваат најмногу до 35 бодови.

- остварен приход по сите основи по член на домаќинство:
- остварен приход по член до 30 евра во денарска противвредност – 30 бода
- остварен приход по член од 31 до 40 евра во денарска противвредност – 20 бода
- остварен приход по член од 41 до 50 евра во денарска противвредност – 10 бода
- остварен приход по член над 50 евра во денарска противвредност – нема да биде бодирано.

При бодирањето по однос на приходите во домаќинството нема да се земаат во предвид приходите остварени по основ на право на социјална парична помош и право на постојана парична помош.

- старосната структура на членовите на домаќинството:
- дете - 5 бода
- старо лице над 65 години– 5 бода

Вкупните бодови за старосната структура може да изнесуваат најмногу до 15 бодови.

- траен инвалидитет, вкупно бодови:
- еден член во семејството со инвалидитет – 5 бода
- два члена во семејството со инвалидитет – 7 бода
- три во семејството со инвалидитет – 10 бода
- четири или повеќе членови во семејството со инвалидитет – 15 бода.
- за социјален ризик, се додаваат дополнителни 15 бодови и тоа за:
- бездомно лице,
- лице, кое до 18 годишна возраст имало статус на деца без родители и родителска грижа,
- лице-жртва на семејно насилство и
- семејство или лице погодено од елементарна непогода, кое нема блиски сродници каде има услови за да се згрижи.

Имотот стекнат по основ на склучен договор за доживотно издржување со корисникот се користи врз основа на склучен договор меѓу Центарот за социјална работа и корисникот, избран согласно оваа програма.

V. Извори на средства

Оваа програма ќе се реализира од имотот кој центарот за социјална работа го стекнал по основ на склучен договор за доживотно издржување со корисниците на постојана парична помош.

VI. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-11362/1 | Претседател на Владата |
| 21 декември 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |